**Порака од г-ѓа Одри Азуле,**
**генерален директор на УНЕСКО,**
**по повод Меѓународниот ден на биосферните резервати**
**3 ноември 2022 година**

Повеќе од половина век, програмата на УНЕСКО „Човекот и биосферата" на глобално ниво работи на преиспитување на врската меѓу човекот и планетата. Логиката е едноставна: за да го подобриме нашиот однос со природата, прво мора да го подобриме нашето разбирање за тоа како ние влијаеме врз живиот свет околу нас – и обратно.

Ова се однесува на 738 локалитети низ 134 земји низ светот: Светската мрежа на биосферни резервати.

Биосферните резервати не се конвенционални заштитени подрачја. Тие се места каде што 276 милиони луѓе живеат и работат. Овие резервати постојат онаму каде што луѓето имаат контакт со природата. Од град до савана, од планински врв до мангрова, тие може да бидат мали колку една островска заедница или огромни еколошки коридори што се протегаат низ континенти.

Секој ден, во овие биосферни резервати, луѓето одново ја започнуваат и ја пронаоѓаат својата врска со животната средина во вистинска смисла на зборот – со тоа што биолошката разновидност и одржливиот развој се сметаат за компатибилни, заемно зависни цели.

Во знак на признавање на важната улога на биосферните резервати за целото човештво, УНЕСКО со гордост го прославува првиот Меѓународен ден на биосферните резервати на 3 ноември.

На овој ден, ја славиме разноликоста на овие локалитети: нивната издржливост и знаењата што ни служат како пример, а тоа е нивната поддршка за зелената економија и употребата на обновливите извори на енергија.

На овој ден, го славиме и потенцијалот на биосферните резервати да се справат со големиот предизвик на нашето време: постигнување мир со природниот свет.

Во тој поглед, биосферните резервати имаат многу да понудат. Брзиот раст на глобалната мрежа – со додавањето на нови локалитети секоја година – сведочи за зголемувањето на свеста дека нашата иднина зависи од усогласувањето на нашиот начин на живот со поголема почит кон природата.

Потенцијалот на овие резервати го поттикнуваат особено младите луѓе, од кои многумина учествуваат во глобалната младинска мрежа на „Човекот и биосферата". Овие локалитети се, исто така, дом на многу домородни народи, кои имаат суштинско разбирање и знаење за Земјата.

Оние од вас кои сè уште не сте посетиле биосферен резерват, ве повикувам да го направите тоа и ќе видите места кои се навистина посебни, не само затоа што се дом на природни чуда туку и затоа што се дом на исклучителни луѓе.

На сите ви посакувам среќен прв Меѓународен ден на биосферните резервати.